Република Северна Македонија
**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 0801-312/5
13-12-2021 година

Постапувајќи по претставката за заштита од дискриминација број 08-312/1 од 12.10.2021 година, поднесена од [redacted] од Скопје, со живеалиште на ул. [redacted] 1000 Скопје против [redacted] од Скопје, со живеалиште на ул. [redacted] 1000 Скопје, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, врз основа на чл.21 став 1 точка 14 и член 27 ставови 1 и 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл.весник на РСМ бр.258/20), на 13.12.2021 година го донесе следново

## М И С Л Е Њ Е

**СЕ УТВРДУВА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ** врз основа на пол и род во медиуми, сторено од [redacted] од Скопје врз [redacted] од Скопје.

### О б р а з л о ж е н и е

На 12.10.2021 до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за сторено вознемирување врз основа на пол и род во медиуми од [redacted] од Скопје против [redacted] од Скопје. Во претставката подносителката наведува дека на 07.10.2021, таа, во улога на тогаш актуелна претседателка на советот на Општина Шуто Оризари и носителка на кандидатска листа на коалицијата [redacted] гостувала на дебатна емисија [redacted] во [redacted] заедно со [redacted] тогашен кандидат за градоначалник на Општина Шуто Оризари од коалицијата [redacted]". Согласно наводите на подносителката, пријавениот [redacted] во една прилика во емисијата кон неа употребил вознемирувачки говор врз основа на пол и род. Како доказ подносителката достави видео исечок од изјавата, а во претставката посочува дека целата емисија може да се најде на Фејсбук профилот на [redacted] каде била емитувана во живо.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација сметаше дека наводите од претставката и приложените докази го прават тврдењето на подносителката веројатно и дека товарот на докажување треба да премине на страната на потенцијалниот дискриминатор.

На 12.10.2021 Комисијата согласно чл. 24, ст. 7 и чл. 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација достави Известување со барање за произнесување по наводите од претставката до потенцијалниот дискриминатор. Видно од поштенската повратница добиена на 13.10.2021 година потенцијалниот не бил затекнат во својот дом, но бил известен дека треба да ја подигне претставката и барањето за произнесување од пошта. Потенцијалниот дискриминатор игнорирал известувањето и не ги подигнал цитираните поднесоци од пошта. Комисијата за спречување и заштита од дискриминација уште во два наврати изврши достава на претставката со барање за произнесување на 14.10.2021 и на 29.11.2021. Во двата случаи потенцијалниот дискриминатор не бил затекнат во својот дом, бил информиран дека треба да ги подигне поднесоците од пошта, но и во двата случаи ги игнорирал известувањата и не ги подигнал поднесоците. Со оглед на фактот дека

потенцијалниот дискриминатор беше известен за претставката и му беше доставено барање за произнесување, а не се произнесе по наводите од претставката во законски предвидениот рок, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација при носењето на ова мислење ги ценеше само наводите од претставката на подносителката.

Од наводите од претставката и доставените докази кон претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја утврди следнава фактичка состојба:

На 07.10.2021 со почеток во 10:00 часот, подносителката, во улога на тогаш актуелна [redacted] на советот на Општина Шуто Оризари и носителка на кандидатска листа на коалицијата [redacted] гостувала на дебатна емисија "[redacted]" во [redacted], заедно со [redacted] тогашен кандидат за градоначалник на Општина Шуто Оризари од коалицијата "[redacted]". Емисијата е емитувана на ТВ каналот и Фејсбук профилот на [redacted]. Во еден дел од емисијата пријавениот дискриминатор и се обраќа на подносителката со зборовите: *"Госпоѓо [redacted] доколку не знаете, а очигледно дека не знаете и не ве бива за таа работа, седете си дома, бидете си домаќинка и ви посакувам успех".*

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација смета дека ваквиот говор кој ја промовира идејата дека местото на жените не е во политиката и процесите на донесување одлуки, само заради нивниот пол и род, е сексистички и регресивен говор. Ваквиот говор придонесува кон исклучување на жените од јавниот живот и по своите карактеристики претставува вознемирување како форма на дискриминација, во смисла на **член 9 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, каде вознемирувањето се дефинира како несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика. Дополнително, исечок од цитираната изјава е преземен и објавен на повеќе интернет портали, со што се зголемил опфатот и интензитетот на вознемирувањето кое го претрпела подносителката.

**Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените**, чиј потписник е и Република Северна Македонија**, во членот 5** бара државите членки да ги изменат општествените и културни шаблони на мажите и жените заради елиминирање на практиките засновани на идејата за стереотипизација на половата улога или за инфериорноста или супериорноста на кој било од половите. Понатаму, **во членот 7 од Конвенцијата** се бара од државите членки да ја елиминираат дискриминацијата врз жените во јавниот и политичкиот живот. Жените мора да имаат право на глас и можност да бидат бирани под еднакви услови со мажите, да учествуваат во формулацијата на Владината политика и да бидат носители на јавни функции. **Членот 8 од Конвенцијата** наведува дека на жените, исто така, треба да им се даде еднаква можност да ги претставуваат своите влади и да учествуваат во работата на меѓународните организации, како што се Обединетите нации, и нивните поврзани организации, специјализирани агенции, фондови и програми.

Постапувајќи по член 27, став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација во случај на утврдена дискриминација, Комисијата препорачува начин на отстранување на повредата на правото на еднаквост, односно начин на отстранување на дискриминацијата. Ставот 3 од истиот член посочува дека субјектот кон кого е упатена препораката има должност да постапи по истата и да ја отстрани повредата на правото на еднаквост. Следствено на ова, Комисијата ја донесе следнава

ПРЕПОРАКА

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** [redacted] од Скопје јавно да и се извини на [redacted] од Скопје, за стореното вознемирување врз основа на пол и род во медиуми. Јавното извинување дискриминаторот треба да го објави во најмалку еден дневен весник кој е достапен на целата територија на Република Северна Македонија и за тоа да ја извести Комисијата за спречување и заштита од дискриминација најдоцна во рок од 30 дена од приемот на ова мислење и препорака.

Комисијата го следи извршувањето на мислењата и препораките за конкретните случаи на дискриминација, сè до нивното исполнување. Доколку субјектите кон кои е упатена препораката не постапат по истата, Комисијата има законска надлежност да поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежниот суд за прекршоци, согласно член 27, став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседателка
Весна Бендевска

Доставено до:
- [redacted] 1000 Скопје
- [redacted] 1000 Скопје